Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 04. 08. 2025
Орг.Един. / Njësia Org.: 23 | Број: / Numër: 13/3 | Прилог: / Shtojcë: 1 | Вредност: / Vlerë: ✓

Архивски број:13-5723/2
Датум: ___.____.2025 година
04 -08- 2025

До Влада на Република С. Македонија
Генерален секретаријат

Предмет: Мислење
Врска: Ваш допис бр.23-13/2 од 08.07.2025 година

Почитувани,

По однос на Вашиот допис заверен под горенаведениот број и датум со кој барате мислење по Деловниот и финансискиот извештај за 2024 година на Унијата на македонските професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, Министерството за финансии во рамките на своите надлежности, Ве известува за следното:

Согласно член 85 став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република С. Македонија" бр.239/22) организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно до Владата на Република С. Македонија да поднесе деловен и финансиски извештај најдоцна до 30 април во тековната за претходната година.

Според податоците презентирани во финансискиот извештај, Унијата на македонските професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, во текот на 2024 година остварила вкупно приходи во износ од 2.561.010,00 денари и реализирала вкупно расходи во износ од 2.599.967,00 денари, односно Унијата има непокриени расходи во износ од 38.957,00 денари.

Најголемо учество во вкупните расходи со 53,36% имаат расходите реализирани на ставката надоместоци за трошоци на вработените и ангажирани лица и истите се во износ од 1.387.497,00 денари. За изнајмување на простор и опрема, Унијата во текот на 2024 година реализирала расходи во износ од 646.711,00 денари, кои учествуваат со 25,25% во вкупните расходи. Овие расходи бележат зголемување за 66,5% во однос на расходите реализирани на оваа ставка во 2023 година кога истите изнесувале 388.370,00 денари. Расходите за интелектуални услуги се во износ од 541.334,00 денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 21,14%.

Исто така, здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 20.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република С. Македонија е должно да изврши независна годишна ревизија на своето


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

финансиско работење, а ако има буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република С. Македонија, е должно да изврши ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, согласно член 86 став (1) од Законот за здруженија и фондации.

Оттука, Министерството за финансии по однос на финансискиот извештај за 2024 година на Унијата на македонските професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје укажува на потребата, Унијата до Владата на Република С. Македонија да поднесе извештај од независниот ревизор за извршена независна годишна ревизија на финансиското работење и кон финансискиот извештај да достави образложение за реализираните расходи по ставки во 2024 година во однос на соодветно реализираните расходи во 2023 година. По однос на податоците презентирани во деловниот извештај, Министерството за финансии нема забелешки.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изработил: Елена Каранфилоска
Контролирал: Марина Станојкова Арсовски
Орнела Трајкоска Пендевска
Одобрил: Иван Недев

Проверил: Марјана Стефановска

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0